ОГЛАС ЗА **БЕСПЛАТНА ОБУКА ЗА ОПЕРАТОРКИ НА СОС ЛИНИЈА ЗА ЖЕНИ ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО И РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО**

## 1. За Сојуз Национален Совет за Родова Рамноправност

Сојуз Национален Совет за Родова Рамноправност е национална, мултиетничка и мултигенерациска мрежа креативно ориентирана кон иднината. Организацијата се стреми кон постигнување на родова рамноправност, развој и заштита на женски права и мир.

Во мрежата на НСРР членуваат околу 116 локални формални и неформални женски организации и групи од урбани и рурални средини во државата. НСРР е формиран во октомври 1994 година и израсна во една од најголемите женски мрежи во РСМ. Со своите активности НСРР промовира култура на мир и ненасилство, учество во политичкото и економското јакнење на жените, се залага за социјално вклучување на жените од рурални средини и маргинализирани групи, учествува во унапредување на политиките за родово базирано насилство и се залага за се она што се подразбира со зборот рамноправност.

Една од стратешките цели на НСРР е намалување на родовите стереотипи, сексизмот и родово базираното и семејно насилство. Во рамките на оваа стратешка цел НСРР има развиено национална, мобилна, бесплатна линија, без префикс од сите мобилни оператори 141 700. За таа цел НСРР ќе спроведе бесплатна обука за операторки на СОС линија за жени жртви на семејно насилство.

## 2. Цели на обуката

**Општа цел на обуката** е систематизација на знаењата за теоретските концепти, како и развој и подобрување на вештините за давање на услуги на СОС линијата за помош и поддршка на жените жртви на родово базирано и семејно насилство.

**Специфични цели на обуката:**

- Зголемување на знаењето за формите на насилство;
- Зголемување на знаењето за женските права, законските регулативи за заштита од семејно насилство и начинот на комуникација со операторките;
- Зголемување на знаењето за работата и принципите на СОС линијата за жени жртви на насилство;
- Информирање за работните процедури на СОС линијата;
- Зајакнување на вештините и компетенциите на операторките на СОС линијата.

### 3. Компетенции кои ќе ги развиете од обуката

Компетенции што ќе ги развијат учесниците на обуката:

- Мотивација за работа со жени кои имаат траума од семејно насилство;
- Развивање на основните знаења за женските права и законски регулативи поврзани со намалување семејното насилство;
- Го познаваат концептот на родово базирано и семејно насилство;
- Развивање на знаења за функционирањето на СОС линијата;
- Ги знаат принципите и процедурите за работа на СОС линијата;
- Ги знаат обврските на персоналот за работа на СОС линијата;
- Подобрени компетенции и вештини на давателите на услуги на СОС линијата специјализирана за поддршка на жртвите на семејно насилство.

### 4. Време и место на одржување на обуката

Обуката ќе се спроведе во период од 16, 17 и 18 февруари од 09 до 17 часот. Обуката ќе се одржи во просториите на Граѓански Ресурсен Центар ( адреса: ул. Никола Парапунов 41а) - МЦМС.

### 5. Критериуми што треба да ги исполнат учесниците на обуката и начин на пријавување

- Учесниците на обуката треба да се полнолетни со најмалку завршено средно образование
- Да се заинтересирани за темата, правата на жените и превенцијата од родово базирано и семејно насилство
- Познавањето на македонски/албански/ромски јазик ќе се смета за предност
- Бројот на учесници е ограничен, за пријава пополнете го линкот: https://docs.google.com/forms/d/1_-OxRJmZO6djFxI8pgO8AO-LSjhiqgY4Jk89Y0_nnu8/edit